Car Samoil 18, 7500 Prilep
sega@sega.org.mk
www.sega.org.mk

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ИЗВЕДУВАЧ ЗА РАЗВОЈ НА ДИГИТАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИНСКО ДИГИТАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

## 1. ЦЕЛ, НАМЕНА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Коалиција на младински организации СЕГА за потребите на проектот „Младински дигитални претприемнички иницијативи“ (Digital Youth Ventures – Innovating communities) објавува повик за избор на правно или физичко лице за развој на дигитална платформа за поддршка на младинско дигитално претприемништво.**

Платформата треба да претставува регионален дигитален хаб за промоција на стартап идеи развиени од млади луѓе, со цел нивно поврзување со потенцијални инвеститори, бизнис ангели и други поддржувачи на претприемништвото.

Очекуван резултат е воспоставување на функционална, безбедна и лесна за користење веб-платформа која ќе овозможи:

- Промоција на стартап и бизнис идеи на млади лица;
- Видливост на иновативни претприемнички иницијативи;
- Поврзување на младите претприемачи со инвеститори и бизнис ангели;
- Размена на информации и комуникација помеѓу корисниците на платформата;
- Поттикнување на развојот на младинското претприемништво во регионот.

SEGA
Coalition of youth organizations
www.sega.org.mk
Car Samoil 18, 7500 Prilep
sega@sega.org.mk
www.sega.org.mk

## 2. ДОМЕН НА РАБОТА

### *2.1 Опис на задачата*

Избраниот понудувач ќе биде задолжен за дизајн, развој, тестирање, пуштање во употреба, пренос на хостирање и обезбедување домен за дигиталната платформа.

Платформата треба да ги содржи најмалку следните функционалности:

| | |
|---|---|
| **А. Управување со корисници** | • Регистрација и најава на корисници;<br>• Кориснички профили за претприемачи и инвеститори;<br>• Можност за ресетирање лозинка и верификација на корисничка сметка преку е-пошта. |
| **Б. Објавување на бизнис идеи** | • Едноставен формулар за самостојно внесување на стартап идеи од страна на корисниците;<br>• Наслов, краток опис и детален опис на идејата;<br>• Категоризација на идеите;<br>• Можност за прикачување фотографии, документи и други прилози;<br>• Можност за додавање линк или вградено видео (YouTube, Vimeo и сл.);<br>• Самостојно управување со содржината од страна на корисниците. |
| **В. Почетна страница** | • Посебен простор за промоција на девет (9) избрани стартап идеи;<br>• Приказ преку визуелни „картички“;<br>• Краток опис за секоја идеја;<br>• Копче „Брз преглед“ кое отвора дополнителни информации за идејата. |
| **Г. Комуникација и вмрежување** | • Систем за директни пораки помеѓу инвеститорите и корисниците кои ги објавуваат идеите;<br>• Историја на комуникација;<br>• Безбедна размена на пораки во рамките на платформата. |

Car Samoil 18, 7500 Prilep
sega@sega.org.mk
www.sega.org.mk

| | |
|---|---|
| **Д. Споделување и промоција** | • Опција за споделување на објавените идеи на социјални мрежи (Facebook, LinkedIn, Instagram, X и други релевантни канали);<br>• Генерирање директен линк за споделување. |
| **Ѓ. Нотификации** | • Автоматски известувања преку електронска пошта;<br>• Нотификации за нови пораки;<br>• Нотификации за интерес од инвеститор;<br>• Нотификации за промени поврзани со објавената идеја;<br>• Испорака на известувања во реално време. |
| **Е. Администрација** | • Минимална административна улога;<br>• Управување со корисници и содржини;<br>• Преглед на статистики и активности на платформата;<br>• Можност за означување и отстранување несоодветна содржина. |
| **Ж. Технички барања** | • Респонзивен дизајн за мобилни телефони, таблети и десктоп уреди;<br>• Оптимизација за пребарувачи (SEO);<br>• SSL сертификат и основни мерки за сајбер безбедност;<br>• Усогласеност со барањата за заштита на лични податоци;<br>• Обезбеден домен за период од најмалку 12 месеци.<br>• Пренос на инфраструктурата на локален хостинг на нарачателот. |
| **З. Технологија за развој** | Изведувачот може да користи open-source технологии, рамки (frameworks), системи за управување со содржина (CMS) и готови софтверски компоненти, под услов:<br>• да не постојат дополнителни лиценцни трошоци за нарачателот;<br>• решението да овозможува понатамошни надградби; |

Car Samoil 18, 7500 Prilep
sega@sega.org.mk
www.sega.org.mk

| | |
|---|---|
| | • изворниот код и административниот пристап да бидат предадени на нарачателот;<br>• да се исполнат сите функционални барања од овој повик. |

### *2.2 Испорака*

Избраниот понудувач ќе биде задолжен за:

- Анализа и предлог-концепт на платформата;
- UI/UX дизајн;
- Развој и тестирање;
- Поставување на продукциска околина;
- Обезбедување домен и пренос на инфраструктурата на локален хостинг на нарачателот;
- Обука за користење на платформата;
- Техничка поддршка во период од 3 месеци по пуштањето во употреба.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА И УСЛОВИ

### *3.1 Период на реализација*

Платформата треба да биде целосно развиена и ставена во функција **најдоцна до 20 септември 2026 година.**

Нарачателот го задржува правото да го усогласи рокот во согласност со динамиката на проектните активности.

### *3.2 Буџет*

За реализација на оваа задача е обезбеден **максимален буџет во износ од 750 евра (бруто),** во денарска противвредност.

Во понудената цена задолжително треба да бидат вклучени:

- Развој на платформата;
- Дизајн;
- Домен;

- Тестирање;
- Пуштање во употреба;
- Техничка поддршка во гарантниот период.

Плаќањето ќе биде извршено по успешна испорака на платформата.

***Поради расположливиот буџет, се охрабрува користење на open-source решенија и постоечки платформи со цел оптимизација на трошоците и времето за развој.***

## 4. КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА

На повикот можат да се пријават правни и физички лица.

Понудите ќе се оценуваат според следните критериуми:

| Критериум | Максимум бодови |
|---|---|
| **Финансиска понуда (цена)** | 60 |
| **Предлог-концепт и методологија за развој** | 40 |
| ***Вкупно*** | 100 |

При оценувањето ќе се земаат предвид:

- Јасност и квалитет на предложеното техничко решение;
- Одржливост на платформата;
- Корисничко искуство;
- Безбедност и функционалност;
- Исплатливост на понудата.

## 5. ЕЛЕМЕНТИ НА ПОНУДАТА

Понудата треба да ги содржи следните документи:

**Прилог 1**. Кратка биографија на понудувачот или профил на компанијата;

**Прилог 2**. Техничка понуда која содржи:

- опис на предложеното решение;
- технологија која ќе се користи;
- функционалности;
- временска рамка за развој;
- план за пренос на хостинг и одржување.

**Прилог 3**. Финансиска понуда.

**Прилог 4.** Портфолио со најмалку една слична реализирана веб или софтверска платформа (доколку е достапно).

**Понудувачите можат да предложат решение базирано на open-source технологии и платформи (WordPress, Drupal, Laravel, Joomla, Moodle или други соодветни решенија), доколку предложеното решение ги исполнува сите функционални и безбедносни барања наведени во техничката спецификација.**

## 6. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудите се доставуваат по електронски пат во PDF формат на електронската адреса: aplikacija@sega.org.mk

Во предметот на пораката задолжително да стои:

„Пријава за развој на Дигитална платформа “.

**Крајниот рок за доставување на понудите е:**

**17 август 2026 година до 12:00 часот.**

Некомплетните понуди и понудите доставени по истекот на рокот нема да бидат разгледувани.

Само избраните понудувачи ќе бидат контактирани.

SEGA
Coalition of youth organizations
www.sega.org.mk
Car Samoil 18, 7500 Prilep
sega@sega.org.mk
www.sega.org.mk

# АНЕКС 1

## ОБВРЗУВАЧКИ ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ДИГИТАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДИГИТАЛНО МЛАДИНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

### ОПШТ ОПИС

Предмет на набавката е дизајн, развој, тестирање, имплементација, обезбедување домен и техничка поддршка на веб-платформа која ќе функционира како Регионален Хаб за промоција на младински стартап идеи и нивно поврзување со инвеститори, бизнис ангели и други заинтересирани чинители.

Платформата мора да биде достапна преку интернет, оптимизирана за користење на десктоп, таблет и мобилни уреди.

### КОРИСНИЧКИ УЛОГИ

Системот задолжително треба да ги поддржува следните кориснички улоги:

| КОРИСНИК | *УЛОГИ* |
|---|---|
| **2.1 Администратор** | • Управување со корисници;<br>• Одобрување, уредување и отстранување содржини;<br>• Управување со промотивните картички на почетната страница;<br>• Пристап до статистички податоци;<br>• Управување со системските поставки. |
| **2.2 Корисник – Претприемач** | • Регистрација и најава;<br>• Креирање и уредување профил;<br>• Објавување и ажурирање на бизнис идеи;<br>• Прикачување документи и видеа;<br>• Комуникација со инвеститори;<br>• Следење на нотификации. |
| **2.3 Корисник – Инвеститор** | • Регистрација и најава;<br>• Преглед и пребарување идеи;<br>• Испраќање директни пораки;<br>• Зачувување омилени идеи;<br>• Следење на комуникација и известувања. |

SEGA
Coalition of youth organizations
www.sega.org.mk
Car Samoil 18, 7500 Prilep
sega@sega.org.mk
www.sega.org.mk

ФУНКЦИОНАЛНИ БАРАЊА

| | |
|---|---|
| **3.1 Регистрација и автентикација** | Платформата мора да обезбеди:<br>• Регистрација преку е-пошта;<br>• Потврда на корисничка сметка преку е-пошта;<br>• Безбедна најава;<br>• Промена и ресетирање лозинка;<br>• Заштита од автоматизирани регистрации (CAPTCHA или еквивалентно решение). |
| **3.2 Управување со профили** | Секој корисник треба да може да:<br>• Додава профилна фотографија;<br>• Внесува лични и контакт податоци;<br>• Внесува кратка биографија;<br>• Управува со сопствените објави. |
| **3.3 Објавување стартап идеи** | Системот задолжително треба да обезбеди формулар кој ќе содржи најмалку:<br>• Наслов на идеја;<br>• Категорија;<br>• Краток опис (до 300 карактери);<br>• Детален опис;<br>• Потреба од производот/услугата;<br>• Предложено решение;<br>• Фаза на развој;<br>• Потребна инвестиција (опционално);<br>• Контакт податоци.<br><br>Системот мора да овозможи:<br>• Прикачување PDF, DOCX, PPTX и ZIP документи;<br>• Прикачување слики;<br>• Вметнување видео преку линк;<br>• Зачувување како нацрт;<br>• Објавување и последователно ажурирање. |

| | |
|---|---|
| **3.4 Каталог на идеи** | Платформата мора да овозможи:<br>• Јавен преглед на сите одобрени идеи;<br>• Пребарување по клучни зборови;<br>• Филтрирање по категории;<br>• Подредување според датум на објава;<br>• Приказ на детали за секоја идеја. |
| **3.5 Почетна страница** | На почетната страница задолжително треба да биде имплементиран простор за промоција на девет (9) избрани идеи.<br>Секоја картичка треба да содржи:<br>• Наслов;<br>• Фотографија или графика;<br>• Краток опис;<br>• Копче „Брз преглед“;<br>• Линк до целосниот профил на идејата.<br>Администраторот треба самостојно да може да ги избира и менува промовираните идеи. |
| **3.6 Систем за пораки** | Системот мора да обезбеди:<br>• Директна комуникација помеѓу инвеститор и претприемач;<br>• Испраќање и примање пораки;<br>• Преглед на историја на комуникација;<br>• Известување за нова порака;<br>• Заштита на комуникацијата од неовластен пристап. |
| **3.7 Споделување на социјални мрежи** | Платформата задолжително треба да овозможи споделување на објавените идеи преку:<br>• Facebook;<br>• LinkedIn;<br>• X (Twitter);<br>• WhatsApp;<br>• Копирање директен линк. |
| **НОТИФИКАЦИИ** | Системот мора автоматски да испраќа нотификации преку е-пошта за:<br>• Успешна регистрација;<br>• Активирање на профил; |

Car Samoil 18, 7500 Prilep
sega@sega.org.mk
www.sega.org.mk

| | |
|---|---|
| | • Објавена идеја;<br>• Одобрена или одбиена идеја;<br>• Нова порака;<br>• Интерес покажан од инвеститор;<br>• Промени во корисничкиот профил.<br>Испораката на нотификации мора да биде автоматизирана и да се извршува во реално време или со максимално доцнење од 30 минути. |

НЕФУНКЦИОНАЛНИ БАРАЊА

| | |
|---|---|
| **5.1 Респонзивност** | Платформата мора целосно да функционира на:<br>• Desktop уреди;<br>• Tablet уреди;<br>• Android мобилни телефони;<br>• iOS мобилни телефони. |
| **5.2 Перформанси** | • Време на вчитување на страница до 3 секунди при стандардни услови;<br>• Поддршка за минимум 100 истовремени корисници;<br>• Оптимизирана база на податоци. |
| **5.3 Безбедност** | Платформата задолжително треба да користи:<br>• SSL сертификат;<br>• HTTPS комуникација;<br>• Заштита од SQL Injection;<br>• Заштита од Cross Site Scripting (XSS);<br>• Заштита од неовластен пристап;<br>• Безбедно складирање лозинки со современи криптографски алгоритми. |
| **5.4 Заштита на лични податоци** | Решението мора да биде усогласено со важечките прописи за заштита на лични податоци и да содржи:<br>• Политика за приватност;<br>• Согласност за обработка на лични податоци;<br>• Можност за бришење корисничка сметка. |

## ХОСТИНГ И ДОМЕН

Изведувачот е должен да обезбеди:

- Регистрација или пренос на домен;
- SSL сертификат;

Хостингот ќе биде обезбеден од нарачателот. Изведувачот е должен во комуникација со техничкото лице на нарачателот да изврши пренос на инфраструктурата на локалниот хостинг на нарачателот.

## ОБУКА И ПОДДРШКА

Избраниот понудувач е должен да обезбеди:

- Онлајн обука за администраторите;
- Корисничко упатство во електронска форма;
- Техничка поддршка во период од 3 месеци по пуштањето во употреба.

## СОПСТВЕНОСТ НА РЕШЕНИЕТО

По исплатата на договорениот надоместок, сите права врз изработеното решение, изворниот код, базата на податоци, дизајнот и придружната документација преминуваат во сопственост на нарачателот.

Изведувачот е должен да достави:

- Целосен изворен код;
- Администраторски пристап;
- База на податоци;
- Техничка документација;
- Инструкции за идно одржување.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИФАЌАЊЕ

Решението ќе се смета за успешно испорачано доколку:

- Сите задолжителни функционалности се имплементирани;
- Платформата е достапна на интернет преку договорениот домен;
- Спроведено е успешно тестирање;
- Доставена е целокупната документација;
- Спроведена е обука за администраторите.